**Совет на Општина Македонска Каменица**

**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на 18-та седница одржана на ден 27.02.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање за донација на книги на клонот ,,К.П.Мисирков,, М.Каменица - ЈЛБ,,Илинден,, Делчево.**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонска Каменица го усвои барањето за донација на книги – лектири за петто и шесто одделение на клонот ,,К.П.Мисирков,, М.Каменица – ЈЛБ ,,Илинден,, Делчево.

Барањето бр.13-02/1 од 12.01.2023 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Службен гласник на Општина Македонска Каменица,,

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 90 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката на Совет бр.08-533/1 од 15.03.2023 година за усвојување на Решение за формирање Комисија за одлучување по барања за еднократна парична помош за оперативно и постоперативно лекување, малигни

заболувања, кардио, васкуларни и мозочни инзулти, демиелинизирачки заболувања (склерози, деменции...) со потешки форми на болест, за ретки болести и за потешки форми на болест со болничко лекување кај деца до 3 години.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица”.

**Бр.09-532/1** **Градоначалник**
**15.03.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), член 32 став 3 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19, 38/20), член 2 став 2 точки 3 и 4; член 7; член 7-а; член 8 од Правилникот за правото на користење, начинот и висината на одредување на еднократна парична помош бр.08-364/1 од 27.02.2023 година, Советот на Општина Македонска Каменица на седницата одржана на 15.03.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на Комисија за одлучување по барања за еднократна парична помош за оперативно и постоперативно лекување, малигни заболувања, кардио, васкуларни и мозочни инзулти, демиелинизирачки заболувања (склерози, деменции...) со потешки форми на болест, за ретки болести и за потешки форми на болест со болничко лекување кај деца до 3 години.**

**Член 1**

Се формира Комисија за спроведување на постапка за одобрување на еднократна парична помош во следниот состав:

1. **Советник Драги Стојковски – Претседател на Комисијата;**
2. **Советник Анета Стојчевска – Член;**
3. **Советник Симона Велиновска-Член.**

**Член 2**

Комисијата од член 1 на ова Решението се формира врз основа на Правилникот за правото на користење, начинот и висината на одредување на еднократна парична помош бр.08-364/1 од 27.02.2023 година (,,Службен Гласник на Општина Македонска Каменица бр.18/2023,,) и ги има следните обврски:

- Да ги подигне од Архива на Општина Македонска Каменица поднесените барања од физички лица до Комисијата за еднократна парична помош, да ги комплетира и разгледува барањата согласно член 2 став 1 и став 2 точки 1 и 2; член 3; член 4; член 5 и член 6 од Правилникот;

- Да состави и поднесе Записник преку Архивата на Општина Македонска Каменица за утврдување на фактичката состојба за секое поднесено барање и
- Да одлучува за износот и да му предлага на Советот на Општина М.Каменица износ на парични средства кои треба да бидат исплатени за секое поднесено барање согласно Правилникот за правото на користење, начинот и висината на одредување на еднократна парична помош бр.08-364/1 од 27.02.2023 година.

**Член 3**

Со денот на донесување на ова Решение престанува да важи Решението бр.08-189/1 од 31.01.2023 година.

**Член 4**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 90 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката на Совет бр.08-535/1 од 15.03.2023 година за неусвојување на предлог за отстранување на објект и бришење од јавната книга на недвижности.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица”.

**Бр.09-534/1**
**15.03.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20),

Советот на Општина Македонска Каменица на 19-та седница одржана на ден 15.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За неусвојување на предлог за отстранување на објект и бришење од јавната книга на недвижности**

**Член 1**

Советот на Општина Македонска Каменица не го усвои Предлогот за отстранување на објект и бришење од јавната книга на недвижности на објект со деловна намена – Месна Заедница во Македонска Каменица кој е сопственост на Општина Македонска Каменица.

Предлогот за отстранување е градежен објект кој се наоѓа на К.П. бр.3679 К.О. КАМЕНИЦА ул.,, 14 Јуни,, бр.2 Македонска Каменица заведен во имотен лист бр.1452 К.О. КАМЕНИЦА, објект со деловна намена-месна заедница сопственост на Општина Македонска Каменица со внатрешна површина од 221 м2.
е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонска Каменица.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 90 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката на Совет бр.08-537/1 од 15.03.2023 година за неусвојување на предлог за за дополна на ПРОГРАМАТА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонска Каменица во 2023 година
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица”.

**Бр.09-536/1**
**15.03.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на 19-та седница одржана на ден 15.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За неусвојување на предлог за за дополна на ПРОГРАМАТА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонска Каменица во 2023 година**

**Член 1**

Советот на Општина Македонска Каменица не го усвои Предлогот за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонска Каменица во 2023 година, заведена со број 08-2503/1 од 28.12.2022 година

Предлогот за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонска Каменица во 2023 година заведена со број 08-2503/1 од 28.12.2022 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонска Каменица.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 90 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката на Совет бр.08-539/1 од 15.03.2023 година за доделување на еднократна парична помош на семејства со ученик во прва година во учебната 2022/2023 година запишан во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица во машинска струка.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица”.

**Бр.09-538/1** **Градоначалник**
**15.03.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р.**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.05/02) и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Сл.гласник на Општина Македонска Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на седницата одржана на 15.03.2023 година, донесе

## О Д Л У К А

**За доделување на еднократна парична помош на семејства со ученик во прва година во учебната 2022/2023 година запишан во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица во машинска струка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош на семејства со ученик во прва година, запишан во Средно Општинско Училиште „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица во машинска струка.

**Член 2**

Еднократната парична помош на семејства со ученик во прва година запишан во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ М.Каменица во машинска струка изнесува 20.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократна парична помош од член 2 на оваа Одлука, родителите/старателите на ученикот во прва година се должни кон барањето да приложат потврда за запишан ученик во прва година во учебната 2022/2023 година заверена од Средното Општинско Училиште „Миле Јаневски Џингар“ (оригинал), фотокопија од извод од матична книга на родените (за ученикот во прва година запишан во СОУ „Миле Јаневски Џингар“), фотокопија од важечка лична карта или патна исправа за еден од родителите/старателите, фотокопија од активна трансакциска сметка за истиот родител/старател од кој е приложена копија од лична карта или патна исправа.

**Член 4**

Средствата за исплата на еднократен финансиски надоместок од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Македонска Каменица.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 90 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката на Совет бр.08-541/1 од 15.03.2023 година за усвојување на Програми од ООУ,, Св.Кирил и Методиј,, М.Каменица за изведување на: еднодневна екскурзија за трето одделение; училишна екскурзија за шесто одделение; училишна екскурзија за деветто одделение и Програма за настава во природа за петто одделение.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица”.

**Бр.09-540/1** **Градоначалник**
**15.03.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р.**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.05/02) и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Сл.гласник на Општина Македонска Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на седницата одржана на 15.03.2023 година, донесе :

## О Д Л У К А

**За усвојување на Програми од ООУ,, Св.Кирил и Методиј,, М.Каменица за изведување на : еднодневна екскурзија за трето одделение; училишна екскурзија за шесто одделение; училишна екскурзија за деветто одделение и Програма за настава во природа за петто одделение**

**Член 1**

Со оваа Одлука се се усвојуваат Програмите од ООУ,, Св.Кирил и Методиј,, М.Каменица за изведување на : еднодневна екскурзија за трето одделение; училишна екскурзија за шесто одделение; училишна екскурзија за деветто одделение и Програма за настава во природа за петто одделение.

Програмите за изведување на екскурзии се составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 90 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Правилникот на Совет бр.08-543/1 од 15.03.2023 година за правото на користење, начинот и висината на одредување на паричната награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица”.

**Бр.09-542/1**
**15.03.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), член 20 од Статутот на Општина М.Каменица (Службен гласник бр.20/19; 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на седницата одржана на 15.03.2023 година донесе:

## П Р А В И Л Н И К
**За правото на користење, начинот и висината на одредување на паричната награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува правото на користење, начинот и висината на одредување на парична награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица.

**Општи одредби**

**Член 2**

Општина Македонска Каменица ќе доделува парична награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица еднаш годишно.

**Член 3**

Висината на паричната награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица е во износ од 30 000 денари.

**Член 4**

Паричната награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица има за цел стимулирање на талентираните спортисти од Македонска Каменица да работат напорно и да продолжат со постигнување на успеси на спортски план, а истовремено стимулирање на сите млади граѓани од Македонска Каменица да се занимаваат со спорт и да негуваат здрави навики.

**Право на користење на парична награда за талентирани спортисти**

**Член 5**

Правото на користење на парична награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица еднаш годишно, го имаат следниве лица :

- Активни спортисти, жители на Општина Македонска Каменица кои биле или се дел од македонските спортски репрезентации;
- Активни спортисти, жители на Општина Македонска Каменица кои постигнале значителни успеси на меѓународен план;
- Активни спортисти, жители на Општина Македонска Каменица кои имаат учествувано на меѓународни натпревари во странство или на натпревари на државно ниво со учесници од други држави
- Активни спортисти, жители на Општина Македонска кои се занимаваат со специфични и ретки спортови за нашето поднебје а имаат учествувано на меѓународни натпревари во странство или на натпревари на државно ниво со учесници од други држави.

**Член 6**

Барањата за остварување на правото на користење на парична награда за талентирани спортисти се поднесуваат до Архива на Општина Македонска Каменица со назнака до Совет на Општина Македонска Каменица, врз основа на претходно распишан Јавен повик за доставување барања.

**Член 7**

Лицата кои ги исполнуваат условите од Член 5 од овој Правилник потребно е до Советот на Општина Македонска Каменица да ги приложат следниве документи :

- Барање за остварување на правото на парична награда за талентирани спортисти од Македонска Каменица;
- Доказ дека се активни спортисти;
- Доказ дека биле или се дел од македонските спортски репрезентации;
- Доказ дека имаат учествувано на меѓународни натпревари во странство или на натпревари во Република Северна Македонија со учесници од други држави;
- Лична карта како доказ дека се жители на Општина Македонска Каменица.

**Член 8**

По поднесените барања од Член 7 од овој Правилник постапува Комисијата за Спорт при Советот на Општина Македонска Каменица, која ги разгледува, образложува и составува Записник за не/исполнување на условите согласно Правилникот, по што ги доставува до советниците во Советот на Општина Македонска Каменица со предлог за не/усвојување на барањата.

Советот на Општина Македонска Каменица за поднесените барања од член 7 одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на советници.

**Член 9**

Паричните награди се исплаќаат од Буџетот на Општина Македонска Каменица .

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонска Каменица.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Анета Стојчевска**

**Бр.09-544/1**

**15.03.2023г.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2, точка 3; член 51 и член 62 од Закон за локалната самоупрва („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 49 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За запирање на објавување на Одлука на Совет**

**СЕ ЗАПИРА ОБЈАВУВАЊЕТО** во „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ на Одлука бр.08-545/1 за усвојување на барање на Круме Алексовски од М.Каменица за надомест на штета како последица на пожар, донесена на ден 25.03.2023 година од страна на Советот на Општина Македонска Каменица.

Објавувањето на Одлуката бр.08-545/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица **се запира**, бидејќи е спротивна на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Општина Македонска Каменица на 19-та седница одржана на ден 25.03.2023 година донесе Одлука бр.08-545/1 за усвојување на барање на Круме Алексовски од М.Каменица за надомест на штета како последица на

пожар во износ од 676.874,00 денари според доставена пресметка од овластен вештак. Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го запира објавувањето во службено гласило на Одлука бр.08-545/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица, бидејки Советот донесе Одлука која е спротивна на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица, а од следните причини:

Во член 36 од Законот за локална самоуправа се уредени надлежностите на Советот како орган на управување на Општината, а во член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица како подзаконски акт, надлежностите на Советот на Општина Македонска Каменица се уредени на поконкретен начин.

Имајќи ги во предвид уредените надлежности, се утврдува дека Советот постапувал и расправал по предмет за кој нема надлежност. Надвор од рамките на своите надлежности Советот се впуштил во разгледување на Барањето и оцена на доказите прилог на барањето.

На тој начин Советот донел незаконита Одлука со прифаќање на сите докази како релевантни, без да се има во предвид дека во конкретниот предмет за целосно и правилно утврдување на фактичката состојба од битно значење се многу околности кои се уредени со други материјални закони и надлежен орган за постапување е судот, кој во законито спроведена постапка би' одлучувал за основаноста/неоснованоста на барањето.

За постапување по барања за процена и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Македонска Каменица со Решение бр.08-360/1 од 27.02.2023 година формирана е Комисија, пред која е во тек постапка по истото барање и следува соодветен одговор до барателот.

Имајќи ги во предвид наведените одредби се утврдува дека нема правен основ за да може Советот да постапува и со Одлука да го усвои барањето овозможувајќи исплата на бараниот износ.

Одлуката е спротивна на позитивните законски прописи и не може да произведува правно дејство, бидејќи со примена на таква одлука незаконски ќе се одлеваат средства од Буџетот на Општина Македонска Каменица, со чие одлевање би' се направила ненадоместлива штета на Буџетот на Општина Македонска Каменица.

Имајки во предвид дека донесената Одлука бр.08-545/1 од 25.03.2023 година за усвојување на барање на Круме Алексовски од М.Каменица за надомест на штета како последица на пожар е спротивна на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица е должен да постапи согласно член 50 став 1 точка 2, точка 3 и член 51 од Законот за локалната самоуправа и да го запре неговото објавување во службеното

гласило „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“.

**Согласно член 50 став 1 точка 2 и точка 3, од Законот за локалната самоупрва** „Градоначалникот ја контролира законитоста на прописите на советот; и ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината.“

**Согласно член 51 од Законот за локалната самоуправа** „Ако Градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

(2) Советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него.

(3) Ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

(4) За иницијативата од ставот (3) на овој член градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.“

Имајки во предвид напред наведеното Градоначалникот на Општина Македонска Каменица одлучи како во диспозитивот на Решението.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРАВНА ПОУКА**: Советот е должен, во рок од 15 дена, да го разгледа Решението и да одлучи по него.

**Бр.09-546/1**

**15.03.2023г**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2, точка 3; член 51 и член 62 од Закон за локалната самоупрва („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 49 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За запирање на објавување на Одлука на Совет**

**СЕ ЗАПИРА ОБЈАВУВАЊЕТО** во „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ на Одлука бр.08-547/1 за усвојување на барање за одобрување на финансиски средства, донесена на ден 25.03.2023 година од страна на Советот на Општина Македонска Каменица.

Објавувањето на Одлука бр.08-347/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица **се запира**, бидејки е спротивна на член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Општина Македонска Каменица на 19-та седница одржана на ден 25.03.2023 година донесе Одлука бр.08-547/1 за усвојување на барање за одобрување на парични средства во износ од 30.000,00 денари на Ловечко друштво ,,Хантер Бизиково Каменица,, М.Каменица за спонзорство. Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го запира објавувањето во службено гласило на Одлука бр.08-547/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица, бидејки Советот донесе Одлука која е спротивен на член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа, а од следните причини:

Во Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2023 година донесен на 31.12.2022 година од страна на Советот, не се предвидени финансиски средства за таа намена и не постои соодветна ставка во Буџетот за исплата на средства по тој основ, ниту пак во предлогот поднесен од страна на предлагачите се содржани одредби со кои се утврдуваат изворите на тие средства. Бидејќи се работи за пропис за чие извршување се потребни финансиски средства, предлогот треба да

содржи и одредби со кои се утврдуваат изворите на средствата.

**Согласно член 62 став 1 и став 3 од Законот за локална самоуправа:**

1) Во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи и тоа: статут, програми, планови, **одлуки** и други прописи утврдени со закон.

(3) Прописите за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да содржат и одредби со кои се утврдуваат **изворите** и висината на средствата за нивно извршување.

Имајки во предвид дека предлогот не ги содржи сите потребни законски одредби, Одлуката за усвојување на барањето бр.08-547/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица е спротивна на Законот за локална самоуправа, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица е должен да постапи согласно член 50 став 1 точка 2, точка 3 и член 51 од Законот за локалната самоуправа и да го запре нејзиното објавување во службеното гласило „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“.

**Согласно член 50 став 1 точка 2 и точка 3, од Законот за локалната самоупрва** „Градоначалникот ја контролира законитоста на прописите на советот и ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината.“

**Согласно член 51 од Законот за локалната самоуправа** „Ако Градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

(2) Советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него.

(3) Ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

(4) За иницијативата од ставот (3) на овој член градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.“

Имајки во предвид напред наведеното Градоначалникот на Општина Македонска Каменица одлучи како во диспозитивот на Решението.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРАВНА ПОУКА**: Советот е должен, во рок од 15 дена, да го разгледа Решението и да одлучи по него.

**Бр.09-548/1**

**15.03.2023г**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2, точка 3; член 51 и член 62 од Закон за локалната самоупрва („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 49 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За запирање на објавување на Одлука на Совет**

**СЕ ЗАПИРА ОБЈАВУВАЊЕТО** во „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“ на Одлука бр.08-549/1 за усвојување на барање за одобрување на финансиски средства, донесена на ден 25.03.2023 година од страна на Советот на Општина Македонска Каменица.

Објавувањето на Одлука бр.08-549/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица **се запира**, бидејки е спротивна на член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Општина Македонска Каменица на 19-та седница одржана на ден 25.03.2023 година донесе Одлука бр.08-549/1 за усвојување на барање за одобрување на парични средства во износ од 15.000,00 денари на Пчеларско здружение ,,Еко Кам Мед,, М.Каменица за спонзорство. Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го запира објавувањето во службено гласило на Одлука бр.08-549/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица, бидејки Советот донесе Одлука која е спротивен на член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа, а од следните причини:

Во Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2023 година донесен на 31.12.2022 година од страна на Советот, не се предвидени финансиски средства за таа намена и не постои соодветна ставка во Буџетот за исплата на средства по тој основ, ниту пак во предлогот поднесен од страна на предлагачите се содржани одредби со кои се утврдуваат изворите на тие средства. Бидејќи се работи за пропис за чие извршување се потребни финансиски средства, предлогот треба да содржи и одредби со кои се утврдуваат изворите на средствата.

**Согласно член 62 став 1 и став 3 од Законот за локална самоуправа:**

1) Во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи и тоа: статут, програми, планови, **одлуки** и други прописи утврдени со закон.

(3) Прописите за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да содржат и одредби со кои се утврдуваат **изворите** и висината на средствата за нивно извршување.

Имајки во предвид дека предлогот не ги содржи сите потребни законски одредби, Одлуката за усвојување на барањето бр.08-549/1 од 25.03.2023 година донесена од Советот на Општина Македонска Каменица е спротивна на Законот за локална самоуправа, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица е должен да постапи согласно член 50 став 1 точка 2, точка 3 и член 51 од Законот за локалната самоуправа и да го запре нејзиното објавување во службеното гласило „Службен гласник на Општина Македонска Каменица“.

**Согласно член 50 став 1 точка 2 и точка 3, од Законот за локалната самоупрва** „Градоначалникот ја контролира законитоста на прописите на советот и ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината.“

**Согласно член 51 од Законот за локалната самоуправа** „Ако Градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

(2) Советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него.

(3) Ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

(4) За иницијативата од ставот (3) на овој член градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.“

Имајки во предвид напред наведеното Градоначалникот на Општина Македонска Каменица одлучи како во диспозитивот на Решението.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРАВНА ПОУКА**: Советот е должен, во рок од 15 дена, да го разгледа Решението и да одлучи по него.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Димчо Атанасовски**